ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
ODA E FARMACISTËVE
TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 02-340/1
2-11 2026 год.-viti

Врз основа на член 46 став 2 алинеја 3 од Статутот на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 115/2022), Изборната комисија на седницата одржана на 02.11..2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за услов за именување на член на избирачки одбор

Член 1

Член на избирачки одбор на изборите за органи на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија не може да биде кандидат за член на Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор, Судот на честа или обвинител, ниту кандидат за претседател на Комората или претседател на Собранието.

Член 2

Ако Изборната комисија утврди дека лице именувано за член на избирачки одбор е кандидат на овие избори, веднаш го заменува со друго лице.

Член 3

Оваа одлука се објавува на веб-страницата на Комората и се применува при именувањето на избирачките одбори.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Статутот не содржи изречна забрана член на избирачки одбор да биде кандидат. Членот на одборот го спроведува гласањето и ги утврдува резултатите на избирачкото место. За да се избегне судир на интереси и да се обезбеди објективност на постапката, Изборната комисија, по овластувањето да дава упатства за правилно спроведување на изборите, го утврдува ова правило пред именувањето на одборите.

2.11.2026

Фармацевтска комора на РСМ

Изборна комисија

Славица Тодоровска – претседател